СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата



**Дирекција за тргување и девизен пазар**

**Дневни финансиски вести** **11 Мај 2012**

## Издвојуваме:

Прометот на домашниот девизен пазар вчера изнесуваше ЕУР 20,1 млн. Меѓу банките беа истргувани нешто над ЕУР 5,7 млн., од кои ЕУР 5 меѓу маркет- мејкерите. Цените беа 61,71 и 61,72, горната граница на тргување со НБРМ.

На последната аукција НБРМ продаде благајнички записи во вредност од МКД 28,650,000,000. Износот понуден во Проспектот беше МКД 32,000,000,000. Формирана беше просечна каматна стапка од 3,71%, максималната прифатена беше 3,75%, а минималната 3,09%. Следната аукција на благајнички записи е за 35 дена.

Денес се спроведува редовна репо аукција.



Извор: НБРМ

За ликвидносни потреби и тргување може да се купуваат/ продаваат веќе издадените државни хартии од вредност на секундарниот пазар.

Индикативни цени на државни записи на секундарен пазар

| Датум на аукција | Ознака на аукција | Датум на доспевање | Денови до доспевање | Каматна стапка | Девизна клаузула | Куповен принос на SB | Продажен принос на SB |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3-Jan-12 | **Д32012/01-182dk** | 4-Jul-12 | 54 | 4,10% | dk | 4.40% | 4,00% |
| 7-Feb-12 | **Д32012/02-196dk** | 22-Aug-12 | 103 | 4,10% | dk | 4,40% | 4.00% |
| 21-Feb-12 | **Д32012/08-84dk** | 16-May-12 | 5 | 4,10% | dk | 4.40% | 4,00% |
| 21-Feb-12 | **Д32012/07-84** | 16-May-12 | 5 | 4,20% | - | 4,40% | 4.00% |
| 6-Mar-12 | **Д32012/09-91** | 6-Jun-12 | 26 | 4,20% | - | 4,40% | 4.00% |
| 6-Mar-12 | **Д32012/10-91dk** | 6-Jun-12 | 26 | 4,10% | dk | 4,40% | 4.00% |
| 6-Mar-12 | **Д32012/03-182dk** | 5-Sep-12 | 117 | 4,10% | dk | 4.40% | 4,00% |
| 13-Mar-12 | **Д32012/11-91** | 13-Jun-12 | 33 | 4,20% | - | 4.40% | 4.00% |
| 13-Mar-12 | **Д32012/12-91dk** | 13-Jun-12 | 33 | 4,10% | dk | 4.40% | 4,00% |
| 3-Apr-12 | **Д32012/13-91** | 4-Jul-12 | 54 | 4,20% | - | 4.40% | 4,00% |
| 3-Apr-12 | **Д32012/14-91dk** | 4-Jul-12 | 54 | 4,10% | dk | 4.40% | 4,00% |
| 17-Apr-12 | **Д32012/15-91** | 18-Jul-12 | 68 | 4,20% | - | 4,40% | 4,00% |
| 17-Apr-12 | **Д32012/16-91dk** | 18-Jul-12 | 68 | 4,10% | dk | 4,40% | 4,00% |
| 30-Apr-12 | **Д32012/17-98** | 8-Aug-12 | 89 | 4,20% | - | 4,40% | 4,00% |
| 30-Apr-12 | **Д32012/18-98dk** | 8-Aug-12 | 89 | 4,10% | dk | 4,40% | 4,00% |
| 30-Apr-12 | **Д32012/04-189dk** | 7-Nov-12 | 180 | 4,10% | dk | 4,40% | 4,00% |
| 8-May-12 | **Д32012/19-91** | 8-Aug-12 | 89 | 4,20% | - | 4,40% | 4,00% |

Референтни каматни стапки

| Валута 14/05 | o/n | 1 week | 1 m | 3m | 6m | 9m | 12m |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Libor USD** | 0.14800 | 0.18960 | 0.23875 | 0.46685 | 0.72990 | 0.89430 | 1.05470 |
| **Libor CHF** | 0.03167 | 0.04333 | 0.07500 | 0.11167 | 0.18500 | 0.26700 | 0.39283 |
| **Euribor** | 0.348 | 0.317 | 0.397 | 0.69 | 0.977 | 1.131 | 1.276 |
| **Skibor** | 2.11 | 3.08 | 4.03 | 4.60 | 5.23 | 5.66 | 6.19 |

Извор: Reuters и НБРМ

Стил- Бред Пит ќе стане првиот маж во 90- годишната традиција на брендот Chanel кој го рекламира култниот парфем Chanel No.5. Пит ќе биде новото лице следејќи го примерот на Мерилин Монро, Кетрин Денев и Никол Кидман. Ќе добие хонорар од 7 цифри и првата рекламна кампања ќе ја снима неделава во Лондон, во местото наречено Whornes Place.




Извор: Danske Bank

Акциите на JP Morgan паднаа 7% откако нивниот CEO, Џејми Дајмон ноќеска објави дека банката има направено загуба од УСД 2 блн. во лондонскиот оддел за тргување, а целокупната загуба за Q1 е околу УСД 800 млн. поради профитот од останатите сектори. Според Дајмон, кој не даде многу детали, загубата се должи на лошо менаџираната хеџинг стратегија, која е недоволно мониторирана и лошо спроведена. Сепак, некои извори наведуваат дека се работи за дилерот Бруно Искил од лондонската канцеларија, со надимак London Whale, кој ги надминал лимитите за тргување со кредитни деривативи, при што креирал доволно голема позиција која ја насетиле хеџ фондовите и се свтреле против неа.

До сега Џејми Дајмон важеше за еден од кралевите на Вол Стрит, раководејќи доста пруденто со JP Morgan, која периодот на кризата во 2008 и 2009 го помина без никаква загуба и успеа да ги купи Bear Sterns и Washington Mutual Bank. Ова им дава уште една причина повеќе на FED да воведат поголема регулација на пазарите со цел да го заштитат капиталот на банката и акционерите од вакви случувања. JP Morgan важеше за една од банките со најдобар риск менаџмент.

Денес на агендата нема некои поважни економски податоци од Г7 земјите. Според една анкета на Блумберг, 57% од над 1200 аналитичари сметаат дека една земја ќе ја напушти еврозоната до крајот на годинава. Во моментов постои мала можност Венизелос заедно со Пасок и помалата Democratic Left да формира парламентарно мнозинство. Анкетите покажуваат дека доколку има уште едни избори во јуни, електоратот силно ги фаворизира партиите кои се против мерките на штедење. Според веќе договореното со Троиката, грчкиот парламент би требало да одобри и усвои уште еден пакет на мерки за штедење во износ од ЕУР 11 блн до јуни, кој би требало да се спроведува во 2013 и 2014 год.

Поважни економски индикатори на Г7 земјите за денес

| | | |
|---|---|---|
| 14:30 | US | PPI inflation |
| 15:55 | US | Michigan sentiment |

Интервалутни курсеви во 09:30 часот

| | | | |
|---|---|---|---|
| **EURUSD** | 1.292 | **XAU** | 1580.2 |
| **EURCHF** | 1.2012 | **XAG** | 28.63 |
| **EURAUD** | 1.2887 | **Brent** | 112.74 |
| **EURGBP** | 0.8019 | **Copper** | 8195.5 |
| **EURJPY** | 103.08 | **Nickel** | 17135 |
| **USDJPY** | 79.77 | **Zink** | 1944 |

Извор: Reuters

Цени и приноси на државни обврзници

| рок / земја | 2 години цена | 2 години принос | 3 години цена | 3 години принос | 5 години цена | 5 години принос | 10 години цена | 10 години принос |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **US** | 99.9766 | 0.2619 | 99.66406 | 0.3627 | 100.6016 | 0.7515 | 99.0625 | 1.8531 |
| **В. Британија** | 103.33 | 0.407 | 105.94 | 0.523 | 103.367 | 1.014 | 118.139 | 1.959 |
| **Канада** | 99.08 | 1.225 | 99.152 | 1.319 | 100.15 | 1.467 | 107.08 | 1.969 |
| **Германија** | 100.312 | 0.079 | 105.982 | 0.181 | 99.801 | 0.541 | 102.163 | 1.518 |
| **Франција** | 106.642 | 0.553 | 107.635 | 0.861 | 100.593 | 1.62 | 101.523 | 2.822 |
| **Италија** | 100.021 | 3.01 | 98.32 | 3.644 | 101.086 | 4.551 | 99.129 | 5.69 |
| **Шпанија** | 99.479 | 3.68 | 98.936 | 4.364 | 97.196 | 4.96 | 98.686 | 6.028 |
| **Грција** | - | - | - | - | - | - | 19.347 | 24.201 |
| **Македонија** | | | | | 100.00 | 5.50 | | |

Извор: Reuters

## Дневни финансиски вести 11 Мај 2012

Берзански индекси

| | 9:30h | претходен ден | +/- | 3-Jan-11 | +/- |
|---|---|---|---|---|---|
| DAX | 6518 | ↑ | 0.66 | 6075.52 | 7.28 |
| Dow Jones | 12855.04 | ↑ | 0.16 | 12217.56 | 4.96 |
| FTSE | 5543.95 | ↑ | 0.25 | 5572.28 | -0.51 |
| Nikkei 225 | 8968.45 | ↓ | -0.84 | 8455.35 | 6.07 |
| Hang Seng | 20155 | ↓ | -0.64 | 18824.3 | 7.07 |
| MBI- 10 | 1971.32 | ↑ | 0.14 | 1975.79 | -0.23 |




Извор: Reuters

За подетални информации обратете се во Дирекцијата за тргување и девизен пазар на следниве контакт лица:

Билјана Јованоска тел. 3295- 109; e- mail: biljana.jovanovska@stb.com.mk
Сашо Радевски тел: 3295- 108; e- mail: saso.radevski@stb.com.mk
Стојан Донески тел: 3295- 107; e- mail: stojan.doneski@stb.com.mk

Правни напомени:

Оваа публикација ја издава Стопанска Банка АД Скопје и е наменета за нејзините клиенти. Информативниот карактер на оваа публикација значи дека таа не може да служи како замена за сопствените проценки на било кој читател на оваа публикација. Информациите, мислењата, заклучоците, прогнозите и проекциите кои се изнесени во оваа публикација се засноваат на јавно достапни извори на податоци кои Банката ги користи, но за кои не гарантира.
Според тоа, Банката не сноси никаква одговорност за бизнис одлуките на клиентите кои се базираат на оваа публикација.